**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**Бр.08-1964/1 од 16.4.2020 година**
**С К О П Ј Е**

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 57 став 1 од Деловникот на Советот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 3/06 и 12/15), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на 45. седница на Советот на Општина Центар-Скопје

Ја свикувам **45. седница** на Советот на Општина Центар-Скопје.

Седницата ќе се одржи на **30.4.2020 година /четврток/**, со почеток во **9 часот**.

Усвојување на записникот од 42.седница, 43. седница и 44. седница на Советот.

За седницата го предлагам следниов

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог-одлука за давање на деловен простор на користење на НВО „Една Може", според добиеното барање и според воочените потреби за спасување на жртви од семејно насилство во период на Пандемија и карантин.

2. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за подигање спомен обележје од локално значење на Горан Стефановски.

3. Предлог-одлука за прифаќање на донација од „ОМС Солушн" за ИТ платформа за солидарност, решение за поврзување на баратели и даватели на помош.

4. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/52 од 13.3.2020 година за усвојување на Кварталниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за период октомври-декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

5. Предлог-одлука за за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/55 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишниот извештај за работењето во 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со финансиски извештај (за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година), донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/58 од 13.3.2020 година за усвојување на Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

7. Предлог-програма за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје.

8. Предлог-одлука за подигање спомен обележја на улица „9 мај" на подрачје на Општина Центар-Скопје.

9. Предлог-одлука за давање согласност за преместување на скулптурата „Портрет на Крсте Петков Мисирков".

10. Предлог-одлука за прифаќање на донација од „СИТИ ЦЕНТРАЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ" дооел Скопје.

11. Разгледување на информација за досегашната реализација на буџетот и предвидените ризици по приходната ставка.

12. Разгледување на писмена информација од службите по поставените прашања до Градоначалник и споделување на одговорите со Советниците.

Седницата ќе се одржи онлине, според Уредбата на Владата.

Линкот кон седницата ќе биде споделен кон сите Советници, медиуми и заинтересирани граѓани за обезбедување на јавност.
Ве молиме за онлајн присуство на седницата.

Во случај на спреченост, Ве молиме навреме да бидеме известени на тел.
**3 203-600; 3 203-607; 3 203-632; 3 203-667.**

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска